Република Северна Македонија
Republika e Maqedonisë së Veriut
ВЛАДА НА РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА
QEVERIA E REPUBLIKËS SË MAQEDONISË SË VERIUT
Бр.-Nr. 50-1515/7
25.04.2025 год.-viti
Скопје-Shkup

**Влада на Република Северна Македонија**

До: **Претседателот на Собранието на Република Северна Македонија**
**Скопје**

Врз основа на членот 91 алинеја 2 од Уставот на Република Северна Македонија и членовите 139 и 144 од Деловникот на Собранието на Република Северна Македонија, Владата на Република Северна Македонија Ви поднесува Предлог на закон за изменување и дополнување на Законот за животната средина, што го утврди на седницата, одржана на 22 април 2025 година.

За претставници на Владата на Република Северна Македонија во Собранието се определени м-р Изет Меџити, прв заменик на претседателот на Владата на Република Северна Македонија и министер за животна средина и просторно планирање и м-р Ане Лашкоска, заменик на министерот за животна средина и просторно планирање, а за повереници Ресми Ејупи, државен секретар во Министерството за животна средина и просторно планирање и Билјана Тешева Ѓоргиевска, раководител на сектор во Министерството за животна средина и просторно планирање.

68, 22.04.2025 12:00
50-1515

**Претседател на Владата на Република Северна Македонија**

**Проф. д-р Христијан Мицкоски**

Digitally signed by Hristijan Mickoski
Date: 2025.04.25 13:09:29 +02:00

Подготвил: Љубомир Кукоски, 23.04.2025
Проверил: Стојанчо Радичевски, 24.04.2025
Контролирал: Зоран Брњарчевски, 24.04.2025
Согласен: Зоран Брњарчевски, 24.04.2025

Одобрил: Игор Јанушев,
Генерален секретар на Владата на Република Северна Македонија

Digitally signed by Igor Janushev
Date: 2025.04.24 13:23:50 +02:00


| | |
|---|---|
| **Институција** | Влада на Република Северна Македонија |
| **Датум/Време** | 24.04.2025 10:28 |
| **Верификација** | Информации за верификација на автентичноста на овој документ се достапни со користење на кодот за верификација (QR-кодот), односно на линкот подолу. **https://materijali.e-vlada.mk/Home/GetDocumentReviewContentById?documentId=621cc264-e2ee-46c3-b041-f7633cfeedfb&docSharePointURL=/materijali/2025/638744410535539739/Documents/act.docx&materialId=4e8fdf34-2f4c-4636-91ad-4f17e6d5e449** |

*Овој документ е официјално потпишан со електронски печат и електронски временски жиг. Автентичноста на печатените копии од овој документ можат да бидат електронски верификувани.*

ПРЕДЛАГАЧ: Владата на Република Северна Македонија

ПРЕТСТАВНИЦИ: м-р Изет Меџити, прв заменик на претседателот на Владата на Република Северна Македонија и министер за животна средина и просторно планирање и

м-р Ане Лашкоска, заменик на министерот за животна средина и просторно планирање

ПОВЕРЕНИЦИ: Ресми Ејупи, државен секретар во Министерството за животна средина и просторно планирање и

Билјана Тешева Ѓоргиевска, раководител на сектор во Министерството за животна средина и просторно планирање

# ПРЕДЛОГ НА ЗАКОН

## за изменување и дополнување на Законот за животната средина

Скопје, април 2025 година

ВОВЕД

I. ОЦЕНА НА СОСТОЈБИТЕ ВО ОБЛАСТА ШТО ТРЕБА ДА СЕ УРЕДИ СО ЗАКОНОТ И ПРИЧИНИ ЗА ДОНЕСУВАЊЕ НА ЗАКОНОТ

Од причина што Владата на Република Северна Македонија, согласно точка 54 од Извадокот од Нацрт-записникот од триесет и осмата седница на Владата одржана на 10 декември 2024 година, ги задолжи сите министерства да достават дополнување на законите во делот каде се утврдени условите за избор/именување на директор, заменик на директор и на другите јавни функции, во врска со условот на поседување на меѓународно признат сертификат или уверение за активно познавање на англиски јазик, поединечно дефиниран во посебните материјални закони, да се додадат зборовите „или сертификат и/или уверение со кој се потврдува признавањето на еден од трите најчесто користени јазици на Европската унија -англиски, француски, или германски на најмалку ниво Б2 (B2)", а имајќи ги предвид надлежностите на Министерството за животна средина и просторно планирање се наметна обврска за усогласување на надлежностите, во делот каде се утврдени условите за избор/именување на директор на Управата за животна средина во постојаниот Закон за животната средина.

II. ЦЕЛИ, НАЧЕЛА И ОСНОВНИ РЕШЕНИЈА

Основни цели на Предлогот на законот за изменување и дополнување на Законот за животната средина е согласно точка 54 од Нацрт – записникот од триесет и осмата седница на Владата, со бр.41-12654/1 од 10.12.2024 година.

III. ОЦЕНА НА ФИНАНСИСКИТЕ ПОСЛЕДИЦИ ОД ПРЕДЛОГОТ НА ЗАКОН ВРЗ БУЏЕТОТ И ДРУГИТЕ ЈАВНИ ФИНАНСИСКИ СРЕДСТВА

Предлогот на закон за изменување и дополнување на Законот за животната средина по скратена нема да предизвика фискални импликации врз Буџетот на Република Северна Македонија.

IV. ПРОЦЕНА НА ФИНАНСИСКИТЕ СРЕДСТВА ПОТРЕБНИ ЗА СПРОВЕДУВАЊЕ НА ЗАКОНОТ И НАЧИН НА НИВНОТО ОБЕЗБЕДУВАЊЕ, КАКО И ПОДАТОЦИ ЗА ТОА ДАЛИ СПРОВЕДУВАЊЕТО НА ЗАКОНОТ ПОВЛЕКУВА МАТЕРИЈАЛНИ ОБВРСКИ ЗА ОДДЕЛНИ СУБЈЕКТИ

Предлогот на закон за изменување и дополнување на Законот за животната средина нема да предизвика фискални импликации врз Буџетот на Република Северна Македонија и не повлекува материјални обврски за одделни субјекти.

ПРЕДЛОГ НА ЗАКОН ЗА ИЗМЕНУВАЊЕ И ДОПОЛНУВАЊЕ НА ЗАКОНОТ ЗА ЖИВОТНАТА СРЕДИНА



Член 1

Во Законот за животната средина („Службен весник на Република Македонија“ бр. 53/05, 81/05, 24/07, 159/08, 83/09, 48/10, 124/10, 51/11, 123/12, 93/13, 187/13, 42/14, 44/15, 129/15, 192/15, 39/16, 99/18 и „Службен весник на Република Северна Македонија“ бр. 89/22, 171/22 и 3/25), во член 161-б во точката 5) во воведната реченица зборовите „не постар од пет години“ се бришат.

Во алинејата 5 сврзникот „или“ на крајот од реченицата се заменува со запирка.

Во алинејата 6 точката на крајот од реченицата се заменува со сврзникот „или“.

По алинејата 6 се додава нова алинеја 7 која гласи:

„- сертификат, уверение и/или потврда со кои се потврдува познавањето на еден од трите најчесто користени јазици на Европската унија (англиски, француски или германски јазик) на најмалку ниво Б2 (B2), од Европската референтна рамка на јазици, издадени од установа или институција во државата или од странство, регистрирана како давател на оваа услуга.“.

Член 2

Овој закон влегува во сила осмиот ден од денот на објавувањето во „Службен весник на Република Северна Македонија.“

ОБРАЗЛОЖЕНИЕ НА ПРЕДЛОГОТ НА ЗАКОН

I. ОБЈАСНУВАЊЕ НА СОДРЖИНАТА НА ОДРЕДБИТЕ НА ПРЕДЛОГОТ НА ЗАКОН

Со Предлог на законот за изменување и дополнување на Законот за животната средина („Службен весник на Република Македонија“ бр.53/05, 81/05, 24/07, 159/08,

83/09, 48/10, 124/10, 51/11, 123/12, 93/13, 187/13, 42/14, 44/15, 129/15, 192/15, 39/16 и 99/18 и „Службен весник на Република Северна Македонија“ бр. 89/22, 171/22 и 3/25) се прави измена во делот на надлежното министерство согласно точката 54 од Нацрт – записникот од триесет и осмата седница на Владата, со бр.41-12654/1 од 10.12.2024 година.

Со членот 1 од Предлогот на закон за изменување и дополнување на Законот за животната средина се менува и дополнува членот 161-б, точка 5 (услови за именување на директор) во кој се укинува важноста од 5 години на сертификат по англиски јазик и се дополнува со уште една алинеја за сертификат, уверение или потврда со кои се потврдува познавањето на еден од трите најчесто користени јазици на Европската унија (англиски, француски или германски јазик) на најмалку Б2 (В2),

Со членот 2 од Предлогот на закон се уредува влегувањето во сила на законот.

## II. МЕЃУСЕБНА ПОВРЗАНОСТ НА РЕШЕНИЈАТА СОДРЖАНИ ВО ПРЕДЛОЖЕНИТЕ ОДРЕДБИ

Предложените решенија во овој предлог закон, меѓусебно се поврзани и се надополнуваат.

## III. ПОСЛЕДИЦИ ШТО ЌЕ ПРОИЗЛЕЗАТ ОД ПРЕДЛОЖЕНИТЕ РЕШЕНИЈА

Со предложеното решение ќе се направи измена во делот на надлежното министерство согласно точка 54 од Нацрт – записникот од триесет и осмата седница на Владата, со бр.41-12654/1 од 10.12.2024 година.

## ТЕКСТ НА ОДРЕДБИТЕ ОД ЗАКОНОТ ЗА ЖИВОТНАТА СРЕДИНА КОИ СЕ ИЗМЕНУВААТ И ДОПОЛНУВААТ

### Член 161-б

За директор на Управата за животна средина може да биде именувано лице кое ги

исполнува следниве услови, и тоа:

1) е државјанин на Република Северна Македонија;

2) во моментот на именувањето со правосилна судска пресуда не му е изречена казна или прекршочна санкција забрана за вршење на професија, дејност или должност;

3) има стекнати најмалку 240 кредити според ЕКТС или завршен VII/1 степен;

4) има минимум пет години работно искуство и

5) поседува еден од следниве меѓународно признати сертификати или уверенија за активно познавање на англискиот:

- ТОЕФЕЛ ИБТ најмалку 74 бода,

- ИЕЛТС (IELTS) - најмалку 6 бода,

- ИЛЕЦ (ILEC) (Cambridge English: Legal) - најмалку Б2 (B2) ниво,

- ФЦЕ (FCE) (Cambridge English: First) - положен,

- БУЛАТС (BULATS) - најмалку 60 бода,

- АПТИС (APTIS) - најмалку ниво Б2 (B2) и/или

- сертификат, уверение и/или потврда со кои се кои се потврдува познавањето на еден од трите најчесто користени јазици на Европската Унија (англиски, француски или германски) на најмалку ниво Б2 (B2) од Европската референтна рамка за јазици, издадени од установа или институција во државата или од странство, регистрирана како давател на услуга.